Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 60/0306
01.04 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.02.2024 година, врз основа на примена жалба од Здружението Дело ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Текстот со наслов „Македонците се државотворен народ а не обична (племенска) заедница“, објавен во дневниот весник и веб изданието на Нова Македонија (НМ) на 29.12.2023 не отстапува од професионалните и етичките стандарди**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Здружението поднесе жалба за текст до Извршната канцеларија на СЕММ, наменета за Жалбената комисија на 25.01.2024 г. за текстот објавен во НМ на 29.12.2023. Здружението најпрво го цитира целиот текст и на крај се жали затоа што по нивно мислење биле прекршени неколку членови од Кодексот на новинарите на Македонија, при што се апострофираат, член 1, член 5, член 10, член 14 и член 15 од Кодексот, при што истите прекршување ги доведува во врска и со членови во Законот за медиуми, Законот за спречување и заштита од дискриминација и Кривичниот законик.

Здружението не елаборирало подетално зошто сметаат дека се прекршени членовите од Кодексот кои ги навеле, а кои се однесуваат од утврдување на факти, преку говор на омраза, до начинот на известување од политички процеси и негување на културата на говорот во јавната комуникација.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот преку свој правен застапник вложи одговор на жалбата од здружението Дело. Во одговорот се наведува дека текстот со ниту еден начин не го прекршил Кодексот на новинарите, дека станува збор за анализа врз основа на дневна вест, дека нема прекршување по однос на член 10, односно со текстот не се пласира говор на омраза, затоа што, се цитира и Кривичниот законик, не е исполнето битието на тоа дело од КЗ, дека текстот е во согласност со слободата на изразување пропишана и во Европската конвенција за правата на човекот, итн. Медиумот во целост ја отфрла жалбата на жалителот и смета дека е неоснована.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и дека со објавениот текст медиумот не го прекршил Кодексот на новинарите на Македонија, ниту пак Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата за жалби најпрво го утврди жанровски текстот и оцени дека станува збор за анализа. Анализата како поджанр на коментарот, е направена според професионалните и етичките стандарди. Во нејзе се разработува тема за уставно-правната позиција на македонскиот народ во државата од аспект на евроинтегративните процеси. Се обработуваат блокадите во тие процеси од страна на Грција претходно и сега на Бугарија, однесувањето на албанската етничка заедница во земјата...

Воедно, се потсетува на настанувањето на македонската држава на АСНОМ, по што се заклучува дека македонскиот народ е државотворен затоа што создавањето на посебна држава била идеја на македонскиот народ.

Преку цитирање на познат и анонимни соговорници во анализата се развива тезата што ја пласира авторот дека полека се изедначува македонскиот народ со другите етнички заедници што живеат во земјата и дека со тоа, во што помогнала и погрешната методологија од последниот попис, се деградира статусот на македонскиот народ.

Комисијата за жалби ниту во содржината на текстот, ниту во неговата форма, наслов, наднаслов, поднаслови, фотографии, не најде ниту едно прекршување на членовите на Кодексот или Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Во согласност со член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби бара од „Нова Македонија“ да ја објави оваа Одлука во рок од три дена од добивањето.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595